Центар за развој на медиумите на заедниците “МЕДИУМ
Qendra për Zhvillimin e Mediave të Bashkësive ”MEDIUM”
Center for Media Community development “MEDIUM”

Референтен број: 0503-277

**Предмет:**
Барање за доставување на понуди за ангажирање на надворешен евалуатор за оценка на предлог проекти согласно активниот Повик за предлог-проекти во рамки на проектот „Заедно за поквалитетно локално новинарство“.

Почитувани,

Центарот за развој на медиумите на заедниците МЕДИУМ, Ве поканува да доставите понуда за испорака на услуги за разгледување, селекција и оценување на пристигнатите предлог-проекти од страна на граѓански организации согласно активниот Повик за предлог-проекти за потребите на проектот „Заедно за поквалитетно локално новинарство, кои ќе ги опфаќаат следните компоненти:

- разгледување на вкупните апликации пристигнати по повикот за аплицирање;
- оценување на апликациите;
- одобрување на успешни апликации/одобрување на проекти за финансирање.

1) Понудата треба да ги содржи следниве информации:

- Кратка биографија на евалуаторот (документ во прилог, прилог 1);
- Мотивационо писмо со опис на вашите квалификации, способности и достигнувања согласно Повикот (документ во прилог, прилог 2);
- Финансиска понуда (документ во прилог, прилог 3)
- Една препорака (референца) за реализирани слични услуги.

* Забелешка: Проектите финансирани од ЕУ се ослободени од сите давачки, даноци и такси, вклучувајќи го и данокот на додадена вредност (ДДВ). Оттаму, единечните цени кои вклучуваат ДДВ нема да бидат прифатени.

Документацијата која се поднесува во копија треба да е заверена од добавувачот со печат и потпис од одговорното лице, со назнака „Верно на оригиналот“.
Понудата се доставува во затворен коверт во архивата на Центар за развој на медиумите на заедниците МЕДИУМ (бул. Браќа Гиноски бр. 61, 1230 Гостивар) или скенирана на е-пошта community.mediadev@gmail.com.

На надворешната страна на ковертот наведете: ,,За тендер Реф. Бр. 0503-278“ и текстот „Да не се отвора пред сесијата за евалуација”.

Документацијата која се доставува по е-пошта треба да е скенирана, со печат и потпис од одговорното лице и во предмет на поракатa да наведете ,,За тендер Реф. Бр. 0503-278“.

Понудата треба да се достави не подоцна од **11.06.2024 година (вторник), до 16:00 часот.**

Сите понудувачи кои доставиле понуди кои ги исполнуваат условите ќе бидат разгледани од страна на евалуционата комисија и соодветно известени.

Со почит,
Центар за развој на медиумите на заедниците
МЕДИУМ